Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

# Програма за работа на Академијата за судии и јавни обвинители "Павел Шатев" за 2019 година

jpacademy.gom.mk

## СОДРЖИНА

I. ПРЕДГОВОР ........................................................................................... 3
II. СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ........................................ 3
1. Законска рамка и стратешки насоки ................................................... 3
2. Просторни капацитети ........................................................................ 8
3. Внатрешна организација и човечки ресурси ....................................... 10
4. Почетна обука ..................................................................................... 11
5. Континуирана обука ............................................................................ 11
6. Домашна соработка ............................................................................ 19
7. Меѓународна соработка ...................................................................... 20
8. Информатички технологии (IT) ........................................................... 30
9. Библиотека .......................................................................................... 28
10. Буџет и инвестиции ........................................................................... 29

# I. ПРЕДГОВОР

Оваа Програма на самиот почеток повторно ја нагласува основната стратешка цел на Академијата, а тоа е да обезбеди професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавно обвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното обвинителство; таа ќе продолжи да се следи и во текот на 2019 година, при што континуирано ќе се води сметка нејзината реализација да се одвива во склад со современите меѓународни принципи и стандарди, истовремено усогласени со потребите на националните судии и обвинители.

# II. СТРАТЕШКИ ПЛАНОВИ И РАЗВОЈНИ ПРАВЦИ

## 1. Законска рамка и стратешки насоки

Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2015, 192/2015 и 231/2015) во текот на 2018 претрпи понатамошни измени и дополнувања, кои беа во склад со препораките на оценската мисија и приоритетите определени во Акцискиот план изготвен според препораките на г-дин Рајнхард Прибе во однос на дејноста на Академијата. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр.163/2018) се изменија условите за назначување на членови и заменици членови на органите на Академијата (Управен одбор и Програмски совет) и именување на директор и заменик директор на Академијата, условите за определување на предавачи и ментори на Академијата и се изврши корекција на условите за прием во почетна обука на Академијата.

Во склад со последните законски измени и дополнувања, во октомври 2018 година се конституира нов Управен одбор на Академијата, кој на седницата одржана на 26.10.2018 година донесе одлука со која се определи вршителот на должност директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Вјолца Елмази, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Гостивар, од редот на членовите на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, до именувањето нов директор.

Исто така Управниот одбор на Академијата распиша јавен оглас за избор на директор и заменик директор на Академијата согласно законските услови и започна постапка за конституирање на нов Програмски совет на Академијата. По спроведена транспарентна постапка по објавениот јавен оглас, на седница на

Управниот одбор на Академијата од 28 ноември 2018 година за нов директор на Академијата беше именувана професор д-р Наташа Габер Дамјановска. На 28 јануари 2019 година Управниот одбор на Академијата ги назначи членовите и замениците членови на Програмскиот совет а на 12 март 2019 година ја утврди новата листа на предавачи на Академијата.

Со цел да се одговори на препораките и сугестиите утврдени во Извештајот од Оценската мисија на TAIEX за обука на судии и јавни обвинители, од авторите, судија Ленарт Јохансон и судија Драгомир Јорданов, за идното функционирање и работа на Академијата, на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со Акциски план, како и да се креира еден целовит текст кој конзистентно ги уредува сите прашања, во февруари 2019 година Министерството за правда основа работна група составена од претставници на судството и обвинителството (а воедно се членови на Управниот одбор на Академијата), претставници на Министерството за правда, претставници на граѓански организации кои се активни во правосудниот сектор, како и директорот на Академијата, со цел да се работи на подготовка на нов законски текст за АСЈО. Работната верзија на текстот се планира да се постави на увид на јавноста на ЕНЕР во текот на месец Април. Постапката за усвојување на законот е планирано да се одвива по завршувањето на претседателските избори во мај 2019 година.

По донесување на новиот Закон за Академијата за судии и јавни обвинители, Академијата, во текот на 2019 година, ќе ги преземе сите потребни активности во насока на негова успешна имплементација. Управниот одбор на Академијата ќе работи и на усогласувањето на подзаконските акти-правилници со кои се регулира внатрешната организација и начинот на вршење на дејноста на Академијата (почетната, континуираната обука и други прашања).

Академијата за судии и јавни обвинители, (во понатамошниот текст АСЈО), и во наредниот период посветено ќе работи на имплементација на стратешките цели и насоки кои се предвидени во Стратегијата преку реализација на мерките и активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата, кои се поврзани со дејноста на Академијата, како и на препораките од Извештајот од Оценската мисија на TAIEX за обука на судии и јавни обвинители, и тоа:

-Зајакнување на системот на континуирана едукација на судиите, судските соработници, јавните обвинители и нивните соработници;

-Подготовка на судиите и јавните обвинители за нивно функционирање во единствениот европски простор на правда и за доследна примена на Европската

конвенција за човековите права и другите меѓународни конвенции за човековите слободи и права;

-Утврдување на законски критериуми за вршење избор на дипломци од АСЈО, од страна на ССРСМ и СЈОРСМ;

-Воедначување на судската пракса преку зголемен обем на обуки на судиите во рамките на АСЈО за анализа на објавените судски одлуки;

-Утврдување на нов начин на полагање на испитите во Академијата и воведување на усмено и писмено полагање на кандидатите пред стручни комисии, а врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на нивните знаења (ќе се уреди со новиот закон);

-Подготовка на анализа за евентуално креирање на нова програма за посебна почетна обука за искусни долгогодишни практичари, како и за континуираната обука на судиите и јавните обвинители преку редефинирање на програмите и методите за изведувањето на обуките; (имајќи ги предвид препораките од оценската мисија на TAIEX) наместо овој пасос мислам дека треба да стои:

-Редефинирање на програмите и методите за изведувањето на обуките за почетната обука и за континуираната обука на судиите и јавните обвинители како и за стручните соработници во судовите и обвинителствата;

-Кадровско и техничко доекипирање на АСЈО проследено со обезбедување соодветни просторни услови;

- Спроведување опсежна анализа на потребите за обуки на целните групи. За реализација на оваа цел, во текот на месец април 2018 година, а потоа и во месец февруари 2019 година Академијата со допис се обрати до судовите, обвинителствата, судскиот и обвинителскиот совет и бројни институции, организации, комори, невладини организации со кои соработува, со барање да достават предлог теми кои се актуелни и за кои тие сметаат дека целните групи имаат најголем интерес и потреба. Доставените предлози се сумирани во еден документ и претставуваат основа за подготовка на програмите за обука, а потоа и на годишните каталози за обуки.

-Јакнење на капацитетите на судската и јавнообвинителската служба;

-Во делот на буџетско и финансиско управување во правосудните институции, имплементација на мерката за зајакнување на капацитетите за буџетско планирање и финансиско управување преку континуирани обуки во рамките на АСЈО;

-Во делот на воспоставување на интероперабилност на јавното обвинителство со Министерсвото за внатрешни работи, Управа за финансиска полиција, Царинската Управа, Управата за јавни приходи, судовите и други

релевантни институции преку имплементација на мерката за електронско поврзување на системите, зајакнување и подобрување на соработката, со спроведување обуки за користење на системот за интероперабилност во рамките на АСЈО;

-Зајакнување на капацитетите на правосудниот сектор за односи со јавноста преку обуки на лицата за односи со јавност;

-Функционален систем на пробација и други алтернативни мерки преку обуки на судии што судат кривична материја во областа на алтернативните мерки и пробацијата;

-Градење на култура и свест за сопствена лична и институционална одговорност во работата на судството и обвинителството преку континуирани обуки за етичко однесување во рамките на АСЈО;

-Промоција на придобивките од медијацијата преку склучување на меморандум помеѓу Комората на медијатори на Република Северна Македонија и АСЈО и обуки на судиите за примена на Директивата на ЕК за медијација во граѓанските и трговските спорови од 2008 година и Директивата за медијација во потрошувачките спорови; Стимулирање на примената на медијацијата во судските постапки при примена на Законот за правда на децата, парничните постапки против новинари за клевета и навреда, потрошувачките спорови, осигурителните спорови;

-Врз база на потпишан Меморандум за соработка помеѓу Министерството за информатичко општество, Министерството за правда и Академијата, еден од приоритетите во наредниот период ќе биде организација на обуки за имплементација на Законот за општата управна постапка во насока на зајакнување на капацитетите на јавната администрација и управното правосудство за нивна соодветна примена. Активностите подразбираат развивање на курикулум за обука, организација и спроведување на обуките кои се наменети за административни службеници вработени во органите на државната управа кои одлучуваат во управна постапка во прв степен, вработените во органите на државната управа кои одлучуваат во управна постапка во втор степен, како и судии, советници и судски соработници на Вишиот управен суд и Управниот суд.

-Редовни обуки на судиите и јавните обвинители заради правилно толкување и имплементација на нови закони или измени и дополнувања на законите, по нивното донесување;

- Обука на судиите и судските соработници на Вишиот управен суд и Управниот суд за соодветна имплементација на новиот Закон за управните спорови; Јакнење на капацитетите на јавните органи сами да ја бранат

законитоста на решенијата во управните спорови, со обуки на службените лица за учество во управните спорови и во рамките на АСЈО;

-Воедначување на судската практика при решавање на спорови од управни договори преку специфични обуки на судиите на управното судство спроведени од страна на домашни и меѓународни експерти за различни видови управни договори и од искусни управни судии кои во други држави судат ваков вид спорови;

-Редовни обуки на судиите за примена на практиката на ЕСЧП и извршување на пресудите на ЕСЧП;

-Зајакнување на капацитетите на правосудниот сектор и другите надлежни органи вклучени во системот за правда за децата преку обуки во рамки на Академијата за соодветна имплементација на Законот за правда за децата со применет интердисциплинарен пристап;

-Јакнење на капацитетите на правосудниот сектор за меѓународна соработка во кривична и граѓанска материја преку обуки во рамките на Академијата;

-Воспоставување стабилен граѓанско правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и негово усогласување со европските стандарди и современите општествени текови во делот на спроведување на континуирани специјализирани обуки за примена на законите во граѓанско правната област;

-Обуки на обучувачи наменети за предавачите во почетна и континуирана обука со фокус на начелата за учење на возрасни, методи, техники и алатки за правилно осмислување и спроведување на обуките, со цел да се обезбеди ефикасен процес на едукација, вклучително подготовка на курикулум за обуките и последователни активности по завршената обука како подготовка на прашалник за постевалуација односно оцена на ефектот од спроведената обука.

-Унапредување на квалитетот на обуките преку акцентирање на практичните аспекти вклучително анализа на објавените судски одлуки кои би биле од значење за воедначување на судската пракса согласно европските стандарди како и компаративен приказ на судската пракса на земјите во регионот. Стимулирање на меѓународната размена на искуства, користење на практиката на ЕСЧП;

-Поттикнување на е-учење помеѓу целните групи преку развој на модули и алатки за е-учење и засметување на учеството во е-модули во задолжителна континуирана обука.

-Развој на соодветни прирачници и други материјали за обука на целните групи вклучително собирање и анализа на јуриспруденцијата, применети научни трудови и други корисни публикации;(препорака од оценска)

## 2. Просторни капацитети

Обезбедување на соодветни просторни и технички услови е стратешка цел и насока чија реализација е од особена важност за ефикасно функционирање на Академијата. Во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година, за реализација на оваа стратешка цел е предвидена мерката „Изградба на нови просторни услови“ што е предвидено да се реализира континуирано од почетокот на 2019 до 2022 година.

Просторните капацитети во кои е сместена Академијата се покажаа како несоодветни, неадекватни и недоволни за реализација на нејзите цели и задачи, заради што во изминатите години Академијата се залагаше за решавање на овој проблем во рамките на соработка со правосудните институции и Министерството за правда.

Проблемот беше особено изразен во 2017 година со оглед дека 37 кандидати од VI–тата генерација слушатели на почетна обука ја следеа теоретската настава во конференциската сала со капацитет за 32 учесници, а континуираната обука се одржуваше во помалата конференциска сала со капацитет за 25 учесници поради што Академијата беше приморана да бара сали за одржување на советувањата, во судовите и обвинителствата во Скопје. Оваа состојба се очекува да ескалира уште повеќе, со оглед на тоа дека оваа година се планира прием на побројна група на слушатели во Академијата (со цел да одговори на барањата на Советот на јавните обвинители на РСМ и Судскиот совет на РСМ за прием во почетна обука на потребниот број на кандидати за пополнување на слободните јавнообвинителски и судиски места), за која би се окупирале двете конференциски сали во периодот од девет месеци, колку што трае теоретската обука во Академијата. Тоа значи дека Академијата ќе се соочи со големи потешкотии за организирање на континуираната обука која исто така претставува дел од дејноста на институцијата, а за што ќе треба да се изнајдат привремени решенија за излез од состојбата.

Евидентно е дека динамиката на предвидените активности во рамките на континуираната и почетната обука, бројот и типот на настаните, користената методологија, бараат адекватни простории, пред сѐ заради нивна поуспешна и поквалитетна реализација. Надминувањето на проблемот со неадекватните просторни услови е од исклучителна важност и не трпи одлагање. Препорачливо

е да се направат обиди потрајното решение на просторните услови за Академијата да биде нова градба која ќе соодветствува на значењето и институционалната поставеност во правосудниот систем на Република Северна Македонија.

Во време на изготвувањето на оваа програма, СЈОРСМ достави до Академијата одлука со која се утврдува бројот на слободни 65 јавнообвинителски места за VII-та генерација на слушатели на почетна обука во Академијата за академската 2019-2021 година, како и ССРСМ кој достави до Академијата одлука со која се утврдува бројот на слободни 55 судиски места за VII-та генерација на слушатели на почетна обука во Академијата за академската 2019-2021 година. Од наведените причини, во текот на 2019, Академијата ќе ги засили напорите за решавање на проблемот со неадекватните просторни и технички капацитети.

Покрај тоа, и понатаму останува стратегиска цел на Академијата за формирање и опремување и на регионални канцеларии на ниво на апелациски подрачја, преку отворање канцеларии на Академијата во секој апелациски суд во трите апелациски подрачја: Битола, Гостивар и Штип, со по еден вработен кој ќе заснова работен однос со Академијата. Формирањето на овие центри е неопходно за остварување подобро планирање и реализација на децентрализираните обуки и подобра координација со кандидатите и менторите во почетната обука во спроведувањето на практичната настава. Опремувањето на децентрализираните канцеларии треба да биде со современа компјутерска опрема заради успешна реализација на системот на учење од далечина, подобра координација при оцена на потребите за обука на апелациските подрачја како и нивна меѓусебна координација заради воедначување на судска практика и нејзино вградување во програмите за обука на Академијата. Преку воспоставување на видео врска меѓу судовите и Академијата ќе биде овозможено спроведување обуки, а за кандидатите на почетната обука и учење преку системот на know-how, односно практично следење и коментирање на случаите во живо од судница, под водство на менторите.

## 3. Внатрешна организација и човечки ресурси

Во текот на 2019 година, Академијата ќе продолжи како и досега да ги почитува законските обврски произлезени од Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор, поврзани со човечки ресурси.

Кадровското доекипирање е исто така стратешка цел чија реализација е од особена важност за ефикасно функционирање на Академијата. Академијата годините station наназад постојано се соочува со одлив на стручни кадри и неможност за вработување на нови. Недостигот од човечки ресурси е утврден и во препораките на Извештајот од Оценската мисија на ТАИЕКС, спроведена во Академијата за судии и јавни обвинители, во периодот од 23-26.04.2018 година и во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година, во која е наведено дека е потребно кадровско (и техничко) доекипирање на Академијата. За реализација на оваа стратешка цел е предвидена мерката „Вработување на стручен кадар, формирање на нови соодветни организациони единици“, во која е предвидено пополнување на 5 работни места. Освен во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, потребата од јакнење на капацитетите на Академијата, особено подобрување на буџетот и автономијата на Академијата е истакната и во Планот на активности за реализација на итните реформски приоритети.

Во месец март 2019 година трајно се упразни и уште едно работно место со звање Соработник. Целокупната работа од лицата кои ја напуштаат Академијата паѓа на товар на останатите и онака малку вработени.

Во насока на зајакнување на правата на вработените како и обезбедување повеќе права, а со цел давање придонес кон спречувањето натамошен одлив на кадри, во текот на 2019 година ќе биде склучен Колективен договор на ниво на работодавач.

Во месец февруари 2019 година започната е постапка за изработка на функционална анализа на Академијата, во рамките на соработката со Центарот за правни истражувања и анализи. Се очекува анализата да ги утврди постоечките недостатоци во делот на внатрешната организација и недостатокот на човечки ресурси, по што ќе следи донесување нов Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места во Академијата.

По донесувањето на новите правилници ќе се цели кон пополнување на работните места каде што ќе се утврди недостаток, како и унапредување на вработените во Академијата.

Во 2019 година ќе продолжи активноста на обезбедување редовна и квалитетна обука на стручната служба на Академијата преку програмите на Министерството за информатичко општество и администрација, но и преку развивање сопствени програми за обуки, усогласени со посебниот карактер на профилот на вработените во Академијата со оглед на нивната специфичност, нивно оспособување за активно познавање странски јазици, компјутерски

технологии, доусовршување, како и интензивни меѓународни контакти и развивање способности за аплицирање и имплементација на странски проекти.

Покрај обуките организирани во училници, во текот на 2018 година ќе се продолжи и со учество на обуки преку Системот за Микроучење кои се спроведуваат електронски. Во текот на 2018 година се очекува и почеток на следење на обуки преку системот за управување со учење, кој го имплементира Министерството за информатичко општество и администрација, а има за цел развој на општите и посебните работни компетенции на административните службеници.

Раководните органи и стручната служба ќе продолжат со извршување на обврските што произлегуваат од членството во одделни работни групи за спроведување на планираните активности за 2019 година.

## 4. Почетна обука

VI-та генерација слушатели на почетната обука во текот на 2017 година ја заврши теоретската настава. Во февруари 2018 година се спроведе тестот за проверка на знаењето за теоретската настава кој сите слушатели успешно го положија по што продолжија со практичната настава во траење од 15 месеци. По спроведеното определување на слушателите за вршење на професијата судија односно јавен обвинител, практичната настава за 18 слушатели определени за судии и 19 слушатели определени за јавни обвинители се одвива согласно Правилникот за почетна обука во основните судови и основните јавни обвинителства, апелационите судови и вишите јавни обвинителства, како и во Министерството за внатрешни работи. Во текот на практичната настава слушателите континуирано се оценувани од своите ментори за задолжителните активности кои се оценуваат како и за стекнатите способности и вештини за време на менторирањето. По завршувањето на практичната настава во јуни 2019 година, слушателите ќе го полагаат завршниот испит во текот на јули 2019 година согласно утврдена Програма за завршен испит и Правилник за полагање на завршниот испит. Во тек е верификација на студиите на случај за завршен испит од страна на Програмскиот совет на Академијата. Програмскиот совет на Академијата од месец февруари 2019 започна интензивно да работи на верификација на електронската база за завршен испит и за потребите на Академијата за спроведување на завршниот испит потребно е да верификуваат 200 студии на случај од областа на кривичното право и 100 студии на случај од областа на граѓанското право. Истовремено електронската база за завршен

испит се дополнува со нови студии на случај. Исто така, утврдена е временска динамика за спроведување на завршниот испит и се превземаат активности за конституирање на Комисијата за завршен испит односно замена на членовите на Комисијата кои согласно Законот за Академијата за судии и јавни обвинители не можат повеќе да бидат членови.

Согласно член 56 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, Судскиот совет на РСМ и Советот на јавните обвинители на РСМ ги доставија своите одлуки за слободни судиски односно јавно обвинителски места до 31 март и со тоа се утврдени 55 слободни судиски места односно 65 слободни јавно обвинителски места. Примениот испит за седмата генерација слушатели за почетна обука ќе се спроведува согласно актуелниот Закон и новините предвидени во измените на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители од месец август 2019 година.

Во делот на унапредување на почетната обука, стратешките развојни правци се движат кон унапредување на методологијата на предавачите и на членовите на Програмскиот совет, за изготвување и верификација на прашањата за сите испити, за што ќе се користи експертиза на странски предавачи и експерти, унапредување на практичниот пристап преку интензивни обуки за правна аргументација на процесните одлуки и особено развој на реторичките вештини и за аргументирање во воведните и завршните говори, особено за слушателите за обвинители.

## 5. Континуирана обука

Континуираната обука е најопсежниот сегмент од работењето на Академијата и опфаќа целни групи во трите главни програми за обука, и тоа: општата програма за задолжителна континуирана обука, специјализираната програма за задолжителна континуирана обука и специјализираната програма за доброволна континуирана обука.

Основна обврска за Академијата и во 2019 година претставува реализацијата на Планот на обуки за 2019 година, кој е изготвен врз основа на спроведената и сеопфатна пишана методологија за оцена на актуелните потреби за обука, во тесна соработка со претседателите на судовите, на јавните обвинители на јавните обвинителства, со ССРСМ и СЈОРСМ, со цел да се креираат програми кои ќе одговорат на потребите на потесно определени целни групи, како од аспект на правните подрачја и теми што ќе бидат опфатени со програмите, така и од аспект на методологија на обучување, со тоа што стекнатите знаења и вештини ќе бидат применливи во секојдневното

извршување на работните обврски и практицирање. При креирањето на Планот на обуки предвид се земаат и обврските кои произлегуваат од НПАА, од Извештајот на ЕК за напредокот на РМ и обврски кои произлегуваат од извештаите на другите меѓународни организации и мониторинг механизми на планот на обуката, заради понатамошно унапредување на професионалноста и стручноста на домашното правосудство, како гарант на начелото на владеење на правото и заштита на човековите права и слободи. Увидот во годишните извештаи за работа на судовите и обвинителствата овозможува да се лоцираат областите во кои има најголема потреба од обука, потоа предвид се земаат и промените во материјалното и процесното законодавство, сумираните резултати од евалуацијата на прашалниците, предлозите од предавачите.

Во рамките на унапредувањето на програмите за едукација, посебен акцент ќе се стави на обуките за практична примена на правото на ЕУ, меѓународното право, особено конвенциите, со фокус на примената на Европската Конвенција за човекови права и стандардите на Европскиот суд за човекови права, како и подигнување на нивото на способностите за правно образложување и правно аргументирање на одлуките и техниките на пишување на истите и за користење на стандардите на ЕСЧП при аргументација на одлуки.

Исто така, Академијата е членка и на Европската мрежа за размена на информации помеѓу лицата и субјектите одговорни за обука на судиите и јавните обвинители (Лисабонска мрежа) во рамките на Советот на Европа.

Академијата како членка на оваа мрежа, активно учествува во Програмата HELP, чија цел е интегрирање на ЕКЧП и јуриспруденцијата на ЕСЧП во редовните програми за обука на судиите и јавните обвинители во сите 46 земји-членки. Од особено значење во рамките на оваа програма е што Академијата започна со дизајнирање на македонска вебстраница за далечинско учење за оваа област.

Во рамки на соработката со HELP Програмата во 2019 година планирани се курсеви за судиите и јавните обвинители поврзани со членовите 2, 3, 5, 6, 8 и 10 од ЕКЧП.

Креирање и воспоставување модули за е-учење за судиите и јавните обвинители е еден од приоритетите на кои Академијата ќе продолжи да работи и да ги усовршува со надградување на порталот со повеќе нови модули.

Академијата во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје уште во 2016 година започна со создавање на платформа за е-учење за Законот за кривична постапка чија цел беше зачувување и пренесување на сите материјали кои произлегоа од напредните обуки за ЗКП, спроведени по донесување на законот во 2010 година. Платформата е прикачена на веб-

страницата на Академијата и е функционална, едноставна и корисна алатка а материјалот се состои од powerpoint-презентации, прирачници, вежби, видеоматеријали, аудиоматеријали и тестови. Во текот на 2017 и 2018 година платформата беше надоградувана и дополнета и е со потенцијал, во иднина да се користи за модули на обуки од сите други области. Во подготовката се материјали за модул на е-учење на тема етика, кои ќе бидат прикачени на оваа платформата во текот на 2019 година.

Во 2018 година, во рамките на проектот „Обука на судиите за имплементација и спроведување на даночното законодавство во Албанија, Македонија и Косово‟, финансиски поддржан од Владата на Луксембург, што се спроведуваше во соработка со Европската банка за обнова и развој, а којшто во нашата држава го имплементираше КПМГ во соработка со Академијата, беше изработена Платформа за е-учење од областа на даночното право, наменета за судиите и судските соработници на Вишиот управен суд, Управниот суд, Врховниот суд на РСМ и за слушателите на почетна обука. Овој модул за е-учење е достапен на заинтересираните корисници од наведените целни групи преку веб страницата на Академијата. Посетителите на е-курсот имаат можност да се здобијат со сертификат за успешно завршена обука за имплементација и спроведување на даночното законодавство, доколку успешно ги положат предвидените тестови. Академијата ќе обезбеди одржливост и на овој модул во тековната 2019 година.

Особено внимание ќе се посвети и на подобрување на системот на подготовка и организација на континуираната обука, со употреба на стандардизираните обрасци на програмите за обуките и воведување постојани едукаторски тимови кои ќе развиваат материјали за обука за посебни области заради ефикасност на обуките. Подобрување на работата во однос на подготовка на материјалите за обука треба да вклучи собирање и анализа на јуриспруденцијата, применети научни трудови и други корисни публикации наменети за учесниците на обуките.

Во насока на унапредување на вклученоста на судската практика во наставните планови на Академијата, ќе продолжи практиката на организирање тркалезни маси со учество на Врховниот суд на РСМ и апелациските судови за разгледување одделни прашања од кривичната и граѓанската област, со цел воедначување на судската практика по однос на истите. За таа цел, од големо значење е учество на предавачи од судовите и од обвинителствата од повисоките инстанции за презентација на судската практика и изработка на квалитетни наставни материјали.

Од особено значење во иднина ќе биде соработката со двата совета во правец на утврдување на индивидуалните потреби на секој судија и обвинител за обука и за усовршување, особено со оглед на резултатите од годишната евалуација и оцена на нивната работа, а со цел унапредување на нивните знаења во оние сегменти каде што има потреба од подобрување на квантитетот и квалитетот на работењето.

Понатаму ќе се унапредува веќе воспоставената практика на заеднички обуки со другите правни професии, односно со сите целни групи кои ги спроведуваат законите од областа на правосудството, адвокати, нотари, медијатори, извршители, претставниците од Министерството за правда, Царинската управа, Управата за јавни приходи, ДКСК итн.

Во рамки на меморандумот за соработка со Здружение на новинари, планирано е одржување на Работилници за унапредување на знаењето на новинарите и субјектите во правосудството во областа на вербалните деликти, новите трендови во говорот на омраза и мерки за нивна превенција како и за дигитална безбедност.

Започната е нова соработка помеѓу Академијата, Албанскиот институт за правни и територијални истражувања (ALTRI), Демократискиот институт во Косово и Транспаренси Интернешнел Македонија, со поддршка на Министерството за надворешни работи на Холандија. Од оваа соработка ќе произлезат обуки и тркалезни маси како и завршна рефионална конференција на теми поврзани со испитување на корупција, чија целна група ќе бидат јавни обвинители и други лица кои работат на оваа проблематика.

Во врска со склучениот меморандум за соработка со Меѓународниот институт за кривична правда и човекови права Сирагуза, Италија, оваа година се одржа петдневна работилница – Обука на обучувачи во Сирагуза, Италија со присуство на околу 50 национални и меѓународни обучувачи. Предвидено е и спроведување на Национални сесии за обука помеѓу март и август 2019 година во седум земји коишто Институтот ги идентификува како приоритетни земји за посеопфатна обука. Една од тие земји е и Република Северна Македонија, па така во мај оваа година ќе се одржи тридневна обука на тема ,,Зајакнување на борбата против недозволената трговија во Југоисточна Европа.’’

Во 2019 година Академијата ќе продолжи со организација на обуки во врска со практичната примена на процесните закони.

Согласно оцената на потребите на судиите од одделите за трговски спорови, но и поради потребата од зајакнување на бизнис-климата и деловното опкружување, и во 2019 година ќе продолжи организацијата на обуки од областа

на трговското право, на актуелни теми, вклучувајќи ја не само националната, туку и регулативата на ЕУ.

Од особена важност ќе биде зголемување на бројот на обуки и подготовката на материјали за истите, од областа на европското и меѓународното право. Заради постигнување висок квалитет на овие обуки, Академијата ќе настојува и во иднина да обезбедува поголем број странски предавачи од овие области од највисок ранг (судии и јавни обвинители, судии на меѓународните судови, угледни професори, но и истакнати експерти од соодветната област).

Со цел ефектуирање на стекнатите знаења и искуства за време на студиските престои и конференции во странство, од учесниците на тие настани ќе се очекува повратно да ги презентираат научените лекции и компаративни искуства за нивна поширока презентација на домашното правосудство и со цел од добиените материјали и знаења да имаат бенефит што поширок круг лица.

Академијата, во соработка и со финансиска поддршка на Правната канцеларија на INL програмата при Амбасадата на САД во РСМ, во изминатите години спроведе основни, а потоа и напредни обуки за новиот Закон за кривична постапка со кои беа опфатени сите целни групи. Во текот на 2015, започна нова методологија на обуки, посебно за судиите и посебно за обвинителите на селектирани теми од практичната примена на ЗКП а согласно потребите и спецификите на секоја од наведените професии. Ваквата методологија на организирање обуките ќе продолжи и во 2019 година во соработка со наведените партнери, особено во делот на примена на институтите на акузаторната кривична постапка за што се потребни дополнителни обучувања со експерти од САД како и обуки од областа на правда за децата. Во рамките на оваа соработка планирана е реализација и на студиски патувања. Исто така, во знакот на долгогодишната соработка, Академијата се обрати со барање за донација до Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите (INL) при Амбасадата на САД во Република Северна Македонија, за обезбедување на опрема за Академијата и тоа лаптопи, проектори, микрофони, опрема за превод, финансирање e-learning платформа и финансирање пристап до електронска библиотека.

Ќе се продолжи со реализација на обуки од областа на спроведувањето на антикорупциската политика и измените на КЗ и тоа посветени на спречување, превенција и меѓуресорска соработка во областа на корупцијата, проширена конфискација и одговорност на правните лица, во соработка со ДКСК. Ќе се продлабочи соработката со UNODC во однос на организација на обуките за јакнење на капацитетите на правосудство за борба против тероризам, за што е

започната соработка со УНОДЦ со кој ќе се одржат обуки на оваа тема. Академијата во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје ќе продолжи со одржување напредни обуки од областа на заштита од дискриминација, говорот на омраза и криминал од омраза, правата на лицата со хендикеп, правата на децата, забрана на тортура и нехумано и деградирачко однесување, како и почитување и заштита на правата на малцинствата и културните права.

Ќе се продолжи и со континуирана обука на судските и јавнообвинителските службеници, согласно тригодишна рамковна програма и Годишен каталог за обука за овие целни групи, изработен во тесна соработка со Здружението на судска администрација, Советот на судската служба и Јавното обвинителство на РСМ, при изборот на предавачите и темите.

Исто така, во насока на унапредување на континуираната обука, во текот на 2019 година во план е да се преземаат следните активности:

- Унапредување на системот за процена на потребите за обука (со помош на сите чинители во правосудството, особено со учество на повисоките судови и обвинителства во дизајнирање на потребите за обука, кои ќе произлезат од конкретните потреби со оглед на бројот на предметите, бројот на укинати и преиначени одлуки во одделна област итн., и преку автоматизација на оценувањето на потребите за обука преку онлајн-прашалници и софтвер за нивна обработка);
- Унапредување на системот за контрола на квалитетот на обуките; собирање компаративни искуства од другите тренинг-институции за системот на оцена на ефикасноста на обуките и избор на најадекватен модел со оглед на националните состојби во правосудството, со цел воведување прашалници за оцена на ефектот од обуките и автоматизирање на истото, преку онлајн-прашалници и софтвер за нивна обработка);
- Изработка на методологија за оценување на успешноста на почетната обука со оглед на развојот и прогресот на завршените и избрани кандидати за судии и јавни обвинители;
- Развивање и унапредување на модулите за обуки на обучувачи, за предавачите и менторите, во насока на унапредување на наставна методологија и квалитетот на наставните материјали, во согласност со најновите концепти на модерните школи за обука во Европа;
- Развивање на системот за е-учење за судиите, јавните обвинители, судска и јавнообвинителска администрација;
- Зголемување на бројот на едукатори по региони, особено од редот на судиите и обвинителите од повисоките инстанции;

- Здружување за заеднички активности со другите академии од регионот, размена на експерти, заеднички тематски активности;

- Изнаоѓање проекти за развој на капацитетите на Академијата за вршење аналитичко истражувачки работи за потребите на правосудството;

- Понатамошно јакнење на соработката со сродни странски институции и мрежи и создавање услови за подолготрајни студиски престои на судиите и јавните обвинители и извршување практика во ЕСЧП во Стразбур и ЕСП во Луксембург;

- Понатамошно унапредување на воспоставената соработка на Академијата со коморите на адвокатите, извршителите, нотарите и др. (медијаторите и стечајните управници) со цел хармонизирање на некои од наставните планови и курсеви кои ги опфаќаат целните групи од правосудството и членовите на наведените комори;

- Подобрување на наставните планови и програми за континуирана обука на судиите и јавните обвинители со фокус на теми што се од значење за практиката, изучување на судската практика како извор на правото, особено практиката на ЕСЧП, аргументација на пресудите, вештини неопходни на судењата (техники на испитување, вклучително и техниките за соработка со деца, професионална етика, психологија);

- Проширување и подобрување на наставните планови и програми за континуирана обука на судската и јавнообвинителската администрација;

- Спроведување проект за начинот на правната аргументација на судските одлуки;

- Воведување континуирани обуки за усовршување на вештините на сите целни групи на Академијата за ИТ;

- Подготовка на програми за обуки за комуникациски вештини со јавноста и медиумите за назначените портпароли во судовите и во обвинителствата;

- Унапредување на програмата за раководните структури во судството и обвинителството со фокус на суштинските прашања за раководењето со правосудните институции, управување со работата, етички и дисциплински прашања, буџетско, материјално и финансиско работење;

Во текот на 2019 година, во делот на континуираната обука, Академијата ќе работи на реализација на активностите кои произлегуваат од неа и тоа:

- унапредување на програмите за континуираната обука за судиите и јавните обвинители, како и за стручната служба во судовите и обвинителствата;

- поставување и редовно ажурирање на наставни планови за континуирана обука во електронски библиотеки како и курсеви за учење од далечина;

- во делот на почетната и на континуираната обука, предвидено е воведување на механизими и алатки за утврдување на потребите од обука и проценка на квалитетот на спроведената обука и воведувањето на системот за избор и подготовка на едукатори и пристап до „обука за обучувачи“;
- усогласување на системот на континуирана обука со тековните промени во законодавството на Република Северна Македонија.

## 5. Домашна соработка

Академијата ќе ја продолжи и ќе ја унапреди соработката со сите институции со кои непосредно соработува, особено со Врховниот суд на РСМ, Јавното обвинителство на РСМ, Судскиот совет на РСМ, Советот на јавните обвинители на РСМ и Министерството за правда, Здружението на судиите и Здружението на јавните обвинители, Здружението за кривично право и криминологија, Здружението на новинарите и Македонската асоцијација на новинарите, соработка со граѓанските организации и цивилното општество. Од особена важност ќе биде и унапредувањето на соработката со Вишиот управен суд, Управниот суд и со апелациските судови и вишите јавни обвинителства, во насока на успешна реализација на децентрализираната обука и спроведување тркалезни маси за унапредување на усогласувањето и воедначувањето на судско-обвинителската практика.

Академијата континуирано ги следи мислењата и препораките на Венецијанската комисија во однос на сите нови закони кои се донесени во нашата држава па согласно тоа ги прилагодува програмите на Академијата за почетна и континуирана обука.

Ќе се развиваат и унапредуваат специјализираните програми за обука на судовите од повисоките инстанци - тркалезни маси за апелациските судови и Врховниот суд на РСМ, за вишите јавни обвинителства, Јавното обвинителство на РСМ и Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, за претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, на Вишиот управен суд, Управниот суд, за Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, како и за Судско-буџетскиот совет.

Преку организирање заеднички и мултидисциплинарни обуки, со учество на предавачи и учесници од соодветни профили, ќе продолжи соработката со Адвокатската комора, Нотарската комора, Комората на извршители, Комората на медијаторите и другите институции, професионални организации, првенствено Здружението на судиите и Здружението на јавните

обвинители на РСМ и невладиниот сектор, со кои судиите и обвинителите остваруваат соработка на планот на спроведување на одделните закони.

Воедно, Академијата ќе работи на реализација на обврските од склучените меморандуми со голем број домашни институции, како Центарот за обука при МВР на РСМ, Управата за јавни приходи, Комисијата за заштита од дискриминација, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и другите министерства, државни инстититуции, Правните факултети, со цел промовирање на улогата и дејноста на Академијата во избор на професијата и за привлекување на најдобрите студенти во правосудната професија.

Согласно Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2016-2020), во текот на 2018 година, во делот на домашната соработка, Академијата ќе работи на реализација на следните активности:

- успешно ќе соработува со сите судови, обвинителства и високообразовни институции, во насока на подобрување на квалитетот на целокупниот правосуден систем.
- воочување, преку разните обуки и други видови соработка, на разликите меѓу законите и нивната применливост во праксата и континуирано да се предлагаат препораки за нивно унапредување.
- изработка на истражувачки и аналитички трудови кои ја дефинираат разликата меѓу праксата и законските акти, со препораки за нивно унапредување.

Во рамките на склучениот меморандум за соработка со Комисијата за хартии од вредност, планирано е преземање на активности кон изнаоѓање на донатор на иден проект за реализација на обука за хартии од вредност за судиите и јавните обвинители. Во оваа обука активно учество би земала и Македонската берза за хартии од вредност. Обуката би била во времетраење од 12 недели со по 1 предавање во текот на неделата.

## 7. Меѓународна соработка

Академијата особено внимание ќе посвети на развој и унапредување на соработката со другите школи, во сите сегменти од заеднички интерес, а особено преку размена на законски и подзаконски акти, размена на учесници, предавачи, ментори, испраќање судии и јавни обвинители на студиски посети, особено обезбедување можност за подолготрајни престои во Европскиот суд за човекови права.

- **Во текот на 2019 година продолжува воспоставената соработка со странските партнери и проекти во насока на организирање обуки на разни теми од правни области**
  - Советот на Европа; WINPRO; iPROCEED; DCAF;Европскиот институт за судии и правници од Луксембург - ЕИПА; Мисијата на ОБСЕ во Скопје; Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ; КПМГ; Регионалниот совет за соработка (RCC);
  - ОПДАТ; Амбасадата на САД во Република Северна Македонија; УНИЦЕФ; USAID/FACTORTRUST; УНХЦР, Инструментот TAIEX за техничка помош и размена на информации при Европската комисија на Европската Унија
  - Амбасадата на Р. Франција

- **Стратегија за Југоисточна Европа 2020, Регионален акциски план за димензијата правда**

Академијата за судии и јавни обвинители е вклучена во активности од Регионалниот акциски план за димензијата правда од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020, во чии рамките е предвидена Регионална конференција за формирање регионална мрежа на институции за обука на судии и јавни обвинители.

- **Германско друштво за меѓународна соработка – ГИЗ**

Во рамки на соработката со ГИЗ, остварена е средба со нивни претставници на која се утврдени активности во следните насоки:

- Истражување на ефектите од работатата на Академијата;
- Дигитализација: развивање на нова интерактивна веб-страница;
- Подготвување на стандардизирани тестови за познавање на странски јазици (англиски, германски, француски) за влез на нови кандидати во Академијата;
- Подготвување на речник на правна терминологија (германски-македонски-албански);
- Обновување на правниот информатор "Јустиција", издаден во рамките на билатералниот проект ГИЗ (2008-2010).

Исто така, можна е и реализација на обуки чии теми ќе бидат прецизирани врз основа на идентификуваните интереси за понатамошни обуки на судиите и јавните обвинители.

- **Совет на Европа**

Со Совет на Европа планирани се обуки на тема Финансиски истраги и откривање на нелегално стекнат имот со цел подобрен пристап кон надомест на штета за жртвите на трговијата со луѓе, трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, деца-жртви на трговија со луѓе или испитување на сведоци/жртви, како и на други значајни теми за правосудството.

Исто така, во рамки на Horizontal Facility програмата на Советот на Европа планирани се обуки за членовите 1 протокол 1, член 3, 5, 6 и 9 од ЕКЧП, обуки за праксата на Европскиот суд на правдата поврзани со правда и внатрешни работи, на следните теми: Патување во границите на Шенген зоната (судска пракса и ставови на судот) наспроти праксата на ЕСЧП и член 2 од протоколот број 4; Во областа на бизнисот: Конкурентско право, единствен пазар, трговија; Во областа на економијата и финансиите: Превенција на измама; Работата и улогата на OLAF.

- **UNODC – Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал**

Обуки за обучувачи за Криумчарење мигранти

Глобална програма на UNODC против перење пари, приноси од криминал и финансирање на тероризам, во соработка со Агенцијата на Европската унија за обука за спроведување на законот (CEPOL), започнувајќи од 2018 година, ја спроведува програмата за финансиски истраги составена од четири фази. За оваа година е предвидено спроведување на две обуки на тема Финансиски истраги наменета за стручни соработници од судовите и обвинителствата, како и претставници од Министерството за внатрешни работи, Управата за финасиска полиција, Царинската управа и други релеванти институции.

**ЕИПА** - Европскиот институт за судии и правници од Луксембург, ќе продолжи соработката со заеднички обуки со нивни експерти на одделни теми од правото на ЕУ, како и обуки за јакнење на капацитетите на Академијата, особено обука на обучувачи за правото на ЕУ и студиски посети. Исто така ќе продолжи и учеството на судии и јавни обвинители на обуки во Луксембург во рамки на Отворениот каталог за обуки на ЕИПА, без котизација со целосна финансиска поддршка на ЕИПА.

- **WINPRO - зајакнување на заштитата на сведоци во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата**

Предвидени се советувања за Управување со сведоци.

- **iPROCEEDS- Регионален Проект за изградба на капацитети за борба против криминал преку интернет**

Во 2019 година продолжуваат предвидените активности во рамките на овој проект, чија цел е да се зајакнат капацитетите на надлежните институции во идентификувањето, истражувањето, намалувањето и конфискувањето на имотната корист стекната по пат на компјутерески криминал, како и превенција на перењето на пари на интернет.

- **ЦПИА – Центар за правни истражувања и анализи**

Во 2019 година продолжува соработката со Центарот за правни истражувања и анализи. Во текот на месец март 2019 година, во рамките на оваа соработка беа реализирани:

- 2 советувања на тема „Конзистентна примена на домашната и меѓународната судска пракса преку практични примери од регионот" наменети за судии и советници/судски соработници од Врховниот суд на Република Северна Македонија, Вишиот управен суд и Управниот суд, апелационите судови како и за предавачите на Академијата и слушателите на почетна обука;

- 2 тематски обуки на обучувачи за „Правна аргументација, структура и образложение на пресудите во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права", наменети за судиите кои се пријавија на јавниот повик за предавачи на Академијата;

- Работна средба на претставници на четирите апелациони судови и Врховниот суд на Република Северна Македонија за хармонизирање на судската практика, преку усогласување на ставовите по однос на спорни правни прашања од граѓанска и кривична област што се забележани во практиката на сите апелациони подрачја;

-Во тек е изработката на функционалната анализа за работењето на Академијата која ќе биде основа за изработка на нова систематизација на работните места и подобрување на организациската структура и целокупното функционирање на Академијата.

Во рамките на соработката со ЦПИА во 2019 година продолжуваме со организација на редовни, периодични работни средби на судиите и претседателите на четирите апелациони судови и Врховниот суд на Република Северна Македонија за хармонизирање на судската практика.

- **Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје – одделот за владеење на правото**

Планираните активности во рамки на соработката помеѓу Академијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во текот на 2019 година ќе се реализираат преку настани посветени на антидискриминационото законодавство и концептот на еднаквост, криминалот од омраза, Законот за кривична постапка, за теми од КЗ и ЕКЧП.

- **УНИЦЕФ**

Во текот на 2019 година во соработката со УНИЦЕФ се предвидени повеќе активности во насока на спроведување Симулации на судења каде децата се жртви на насилство и кривични дела.

- **УНХЦР**

Во своите програми за едукација Академијата посветува особено внимание на обуката на судиите и јавните обвинители во областа на човековите права. Во тие рамки, долгогодишната соработка со Канцеларијата на УНХЦР во Скопје, во правец на јакнење на капацитетите на управното судство и другите релевантни институции во Република Северна Македонија, за правилно разбирање на правото за бегалците и принципите на азилот и потикнување на развојот на домашната управна и судска пракса во потполна согласност со владеечките меѓународни правни стандарди, продолжува и во 2019 година со организација на тркалезна маса за Правото и праксата во заштита на бегалците и други едукативни содржини.

- **Амбасада на САД во Република Северна Македонија**

Во текот на 2019 година, во соработка со Амбасадата на САД во Република Северна Македонија, предвидено е да се одржат тематски обуки поврзани со Законот за кривична постапка од 2010 година и теми поврзани со правда за децата.

- **ИРЗ - германската фондација за меѓународна правна соработка -**

Во рамките на соработката со ИРЗ, за 2019 година предвидени се повеќе обуки на следните теми: "Судска етика", "Улогата на претседателите на судовите во управувањето и раководењето со судовите", "Менаџирање и организација на работата за судиите и за вработените", "Примена на Законот за заштита од

вознемирување на работно место – мобинг и Законот за спречување и заштита од дискриминација”, “Конкурентска клаузула со разлика помеѓу деловна тајна и конкурентска клаузула”, “Граѓанско-правната одговорност на адвокатите од аспект на германската судска практика”, наменети за претседатели на судови, шефови на судски совет, шефови на јавни обвинителства, членови на совет на јавни обвинителства, службеници на јавни обвинителства и судови, адвокати.

Исто така ќе се продолжи и со праксата за праќање на судија во Германија, да учествува на двонеделна Програмата за размена на судии од граѓански и трговски оддели од повеќе земји.

- **КПМГ**

Во рамките на Проектот „Обука на судиите за имплементација и спроведување на даночното законодавство во Албанија, Македонија и Косово“, кој во нашата држава беше имплементиран од страна на КПМГ во соработка со Академијата, во 2018 година, покрај реализацијата на тридневна обука за управното судство од областа на даноците беше развиен и модул за Е-учење кој е достапен преку веб-страницата на Академијата за определените целни групи, погоре наведени. Реализацијата на активностите од овој проект заврши во март 2019 година со спроведување на пост-евалуација на наведената тридневната обука за управното судство, спроведена во мај 2018 година. Академијата ќе обезбеди одржливост на Платформа за е-учење од областа на даночното право во тековната 2019 година а се разгледуваат и можностите за понатамошна соработка со КПМГ на проекти од интерес за целните групи на Академијата.

- **Инструментот TAIEX за техничка помош и размена на информации при европската комисија на Европската Унија**

Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев'' во текот на 2018 година изготви апликации за спроведување на обуки во 2019 година кои се финансирани и поддржани од инструментот TAIEX за техничка помош и за размена на информации при Европската комисија на Европската Унија. Одобрените апликациите се однесуваат на спроведувањето обуки во 2019 година на следниве теми:Трговско право и корпоративно управување, Член 8 од ЕКЧП и интеракција со Повелбата на ЕУ за основни човекови права, Судската пракса на ЕСЧП во врска со правото на сурогат-мајчинство, Заштита на правата на обвинетиот согласно со директивите на ЕУ, Заштита на потрошувачите на ЕУ,

Правила на докажување со посебен осврт на техниките на докажување во адверзијалната постапка.

- **УСАИД/Фактортруст**

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во 2018 година започна соработка за успешна имплементација на Проектот за факторинг финансиран од УСАИД а имплементиран од Фактортруст. Посебните цели на оваа соработка се тесно поврзани со проектните активности, а истите се однесуваат на организирање на тркалезни маси во 2019 година со правната заедница, вклучувајќи ги и судиите и јавните обвинители.

- **Амбасада на Република Франција**
-

Продолжува неколку годишниот договор и во 2019 година, за соработка во областа на правосудството, соработка со Националната школа за магистрати, во почетната и континуираната обука (ЕНМ), часови по француски јазик, унапредување на капацитетите на правосудните институции во земјата преку организација на обуки за актуелни теми од областа на правото, учество на кандидатите од почетна обука на натпревари во организација на Француската амбасада и Државната правосудна академија ЕНМ, размена на кандидати од двете правосудни институции, обуки на селектирани теми особено за управно судство и стаж во ЕСЧП од страна на националните судии. На почетокот на 2019 година, Академијата повторно ќе биде домаќин и ќе овозможи реализација на стаж на еден кандидат од ЕНМ во време траење од три недели во кои кандидатот од ЕНМ ќе има можност да се запознае со правосудниот систем на Република Северна Македонија, преку посета на правосудни институции.

- **EJTH**

Особено значајна е соработката со Европската мрежа за судска обука (EJTH). Имено, Академијата активно учествува во активностите на EJTH преку реализација на Програмите за размена на судии, јавни обвинители и едукатори, како и преку реализација на обуките предвидени во Каталогот на обуки на EJTH, наменети за судии и јавни обвиниели како и слушатели на почетна обука.

- **Турска агенција за координација и соработка во Република Северна Македонија– ТИКА**

Во рамки на соработката со ТИКА, во текот на 2019 година планирано е спроведување заеднички обуки на повеќе теми меѓу кои од областа на семејно насилство, испитувањето на децата – жртви или сведоци на криично дело или на семејно насилство, постапувањето по широки основи за уставна тужба/жалба и други. Исто така во рамките на соработката планирани се и студиски патувања.

Согласно Стратегијата за реформи во правосудството и акцискиот план, меѓудругото, предвидено е подобрување на распределбата на предметите преку АКМИС системот без надворешни влијанија. За таа цел, формирана е работна група за подготовка на нов Предлог закон за движење на предметите, со кој АКМИС системот би се унапредил во сите модули на неговото функционирање. Како резултат на фактот што Република Турција има воспоставено мошне функционален ИТ центар за правосудство, предвидена е работна посета на истиот од страна на членовите на работната група, со цел нивно запознавање како системот функционира во пракса, што пак понатаму ќе придонесе кон преземање на добрите искуства и нивна имплементација во нашиот Предлог закон.

## 8. Информатички технологии (IT)

Приоритети во однос на сегментот информатички технологии во 2019 година ќе бидат:

Надградување на ACJO-системот за управување со процесите на Академијата во делот на почетна обука - Електронско пријавување и поднесување документи (пријави) на кандидатите за почетна обука и евалуација на обуките.

Надградување на можностите на системот за управување со процеси во делот на континуираната обука, со што би се овозможила поголема функционалност на системот при добивање на потребните податоци.

Изработка на нова веб страна, со што би имало полесен пристап до ифнормациите со кои располага Академијата и модерен изглед. Воедно за таа цел е отворена и фан страна на Академијата на Фејсбук. Информациите од веб страната воедно се споделуваат и на социјалната мрежа Фејсбук.

Системот за електронско учење и негова целосна имплементација во голема мера го поедноставува процесот на учење бидејќи пристапот до обуката и до материјалите за обука е полесен и пофлексибилен. Исто така, значително ги намалува трошоците за обуките бидејќи системот за електронско учење ќе биде важен дел од стратегијата на Академијата и за децентрализираната обука.

Брзиот пристап до различни видови електронски обуки и материјали се очекува да резултира во успешно завршени виртуелни предавања, без притоа да предизвика дополнителен напор во секојдневната работа на судиите и јавните обвинители. Академијата организира и спроведува домашни и меѓународни конференции, тркалезни маси, семинари, студиски програми за стручни посети и сл., каде што за нивно реализирање секојдневно се користат лаптопи и ЛЦД-проектори, за која цел ќе се набави нова опрема.

**Одржување и редовно ажурирање на веб-страницата**

Академијата како модерна и професионална институција посветува посебно внимание на транспарентното работење и за таа цел, ќе продолжи редовно да ја одржува редизајнираната веб-страница преку која се влегува во новиот веб-портал на Академијата. Корисничкиот интерфејс им овозможува побрз и полесен пристап до содржината на веб-страницата на сите заинтересирани граѓани, но истовремено нуди и објавување поголем број информации.

За таа цел во тек е изработка на нов дизајн на веб страната чии изглед и структура ќе биде модерен и софистициран, која ке претставува медиумски простор за афирмација на Академијата и нејзината суштина.

Веб-страницата ќе продолжи да биде медиум за објавување на сите позначајни активности, но и за пристап на сите заинтересирани во е-системот, е-учењето и е-библиотеката. Исто така, со интегрирање на базата на податоци од библиотеката, веб-страницата овозможува многубројни материјали во електронска форма, како и влез до онлајн-ресурси на други институции.

Новиот изглед и структура на веб-страницата на Академијата претставува примарен медиум за нејзино претставување.

Веб-страницата вклучува и линкови на веб-страниците на домашните и на странските институции со кои Академијата соработува и чија дејност и практика е од значење за правосудната област.

За зачувување на современиот изглед и содржината на веб-страницата, неопходно ќе биде и во текот на 2019 година нејзино секојдневно одржување, навремено објавување на сите тековни и идни настани, како и на важечки домашни и меѓународни прописи.

## 9. Библиотека

Академијата води постојана грижа за збогатување на библиотечниот фонд со домашна и странска правна литература и стручни списанија, како и за набавка на законски текстови согласно тековните измени, а особено развивање на богата референтна литература за одделните модули со референтните директиви и регулативи на ЕУ, пресуди на Судот на правдата во Луксембург и Европскиот суд за човекови права, референтните документи на Советот на Европа и Обединетите нации.

Во насока на поголема транспарентност и поширок пристап на стручната јавност до што поголем број информации од областа на правото и пристап до правните системи на земјите од Европа и светот, библиотеката на Академијата ќе продолжи со континуирано објавување на својата веб-страница на стручна литература, списанија, како и ќе воведе претплата на релевантни бази на литература.

## 10. Буџет и инвестиции

Што се однесува до буџетот и инвестициите, една од приоритетните инвестициски активности на Академијата е обезбедување адекватен деловен простор кој ќе ги задоволува потребите за непречено и ефикасно реализирање на програмите за обука, како почетна така и континуирана обука.

И во наредниот период Академијата ќе ги извршува своите финансиски и буџетски активности согласно законските прописи од оваа област и целосно почитувајќи ги насоките дадени од Судскиот буџетски совет во поглед на реално планирање на потребните средства, како и ефикасно менаџирање со одобрените финансиски средства.

На Академијата за судии и јавни обвинители за 2019 година ѝ е одобрен буџет во износ од 70.283.000,00 денари. Во споредба со 2018 година одобрениот буџет е за 3% помал. Со овие одобрени средства во 2019 година Академијата има обврска да ги намири обврските што се пренесени од 2018 година, како и да ги реализира активностите што ќе се преземат во тековната година.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“